Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА СО БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2017-2019

Скопје, 2020

Ј.З.У. ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА СО БОЛЕСТИТЕ НА ЗАВИСНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2017-2019

Скопје, 2020

ЈЗУ - ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

**В.Д. Директор Доц. д-р Шабан МЕМЕТИ**

Оддел за здравствена промоција и следење на болести

Проф. д-р Елена Ќосевска

Раководител на Одделот, Специјалист по социјална медицина

Изготвувач:

Прим.д-р Весна Стамболиева

Раководител на Одделение, Специјалист по социјална медицина

Техничко уредување:

Борче Андоновски

Сузана Дунгевска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

616-056.83"2017/2019"(047)
613.81/.84"2017/2019"(047)

ИНФОРМАЦИЈА за состојбата со болестите на зависност во Република Северна Македонија, 2017-2019 / [изготвувач Весна Стамболиева]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2021. - 33 стр. : граф. прикази, табели ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 24. - Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-235-073-8

а) Болести на зависност -- 2017-2019 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 52911365

## Содржина


ВОВЕД 7

СОЦИЈАЛНО - МЕДИЦИНСКО ЗНАЧЕЊЕ 7

ШТО СЕ ПОДРАЗБИРА ПОД ЗАВИСНОСТ 8

- АЛКОХОЛ 8

СОСТОЈБА СО АЛКОХОЛИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 9

МОРТАЛИТЕТ ОД АЛКОХОЛИЗАМ 14

ЗАКЛУЧОЦИ СО ПРЕПОРАКИ 15

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ 16

- ИЛЕГАЛНИ ДРОГИ 16

СОСТОЈБА СО ДРОГАТА ВО СВЕТОТ И КАЈ НАС 17

ИСТРАЖУВАЊА 18

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ МЕРКИ 23

РЕФЕРЕНЦИ 24

ПРИЛОГ ТАБЕЛИ 27

# ВОВЕД

Информацијата за состојбите со болестите на зависност и алкохолизам за периодот 2017-2019 година во Република С.Македонија е изготвена согласно Националната програма за јавно здравје на Република С.Македонија за 2020 година и Планот и Програмата за работа на ЈЗУ Институт за јавно здравје - Скопје за 2020 година.

Целта на нејзиното изготвување е:

- Да се добие увид во раширеноста на овие состојби кај населението во Републиката;
- Да се прикаже организацијата и функционирањето на здравствената заштита во однос на превенција, откривање и лекување на овие болести;
- Да се дадат констатации за најдените состојби и
- Да се предложат мерки за подобрување на овие состојби.

При изготвувањето на Информацијата користени се официјалните статистички податоци од болничко статистичкиот материјал (Индивидуален извештај за болничко-стационарно лекувано лице (Образец бр. 03-21-60)), и Пријава за заболени лица од алкохолизам и други зависности (МЗС-06) доставени до центрите за јавно здравје каде се обработени и внесени во приложени табели од страна на ЈЗУ - Институт за јавно здравје согласно утврдената методологија за изготвување на Информацијата.

Применет е статистички метод на работа со ретроспективна анализа на податоците за 2017 и 2019 година.

# СОЦИЈАЛНО - МЕДИЦИНСКО ЗНАЧЕЊЕ

Социјално-медицинското значење на ***болестите на зависност*** се должи на следните карактеристики:

- Широка распространетост на нивната употреба;
- Последици по здравјето на лицето кое ги употребува;
- Високо учество во морбидитетот и морталитетот, телесно, душевно и социјално пропаѓање на личноста, инвалидитет, апсентизам, професионален и друг вид на трауматизам и др.;
- Слаби можности за рано откривање и доцнење во започнување со терапија (од разни причини);
- Потреба од долготрајно лекување, рехабилитација, ресоцијализација;
- Проблеми во семејството и заедницата;
- Економски и социјални последици од нивна употреба;
- Поврзаност со криминал и насилство;
- Потреба од мултидисциплинарен и мултисекторски пристап во превенцијата на зависностите ( со вклучување на низа структури во општеството) и др..

# ШТО СЕ ПОДРАЗБИРА ПОД ЗАВИСНОСТ

- Зависност е силна, повремено пореметена желба или потреба за земање на супстанции или лекови, алкохол или цигари. Секој нагон или секој интерес може да поприми зависнички димензии. Познаваме примери на сексуална зависност, зависност од храна, зависност од игри на среќа и други. Кај сите тие зависности постои неодолива потреба за - барем привидно - совладување на границите поставени за поединецот во социјалната стварност со помош на средства или постапки кои служат за поттикнување на добро расположение, намалување на нерасположение, намалување на социјална оддалеченост односно изолација, јакнење на сопствени вредности и зголемување на способност и успешност.
- Зависноста од некоја супстанца може да биде психичка или физичка. Психичката зависност се забележува во силната желба или во некој вид принуда да се земаат супстанции, алкохол или цигари. Употребата на супстанциите со цел да се ублажат симптомите на одвикнување, како и појавата на апстиненцијален синдром спаѓаат во физичка зависност.

Според МКБ-10 злоупотребата на алкохол и дроги се класифицирани во Глава V под наслов „Душевни растроства и растројства во обноските", во блокот што се однесува на „Душевни растроства и растројства во обноските настанати поради употреба на психоактивни супстанци" категоризирани во 10 категории со ознака од F10 до F 19. F10 која се однесува на душевните растројства во обноските предизвикани со употреба на алкохол без можност за поблиско дефинирање на клиничката состојба. F11- опијати, F12-канабоиди, F13-седативи и хипнотици, F14- кокаин, F15-други стимуланси вклучувајќи и кофеин, F16-халуциногени, F17-употреба на тутун, F18- испарливи растворувачи и F19 – повеќе дроги и други психоактивни сусптанци.

## Алкохол

Злоупотребата на алкохолот има силно влијание врз јавното здравје. Таа генерира трошоци за здравствена заштита, за здравственото осигурување, за примената на прописите, за одржување на јавниот ред и мир, за заштита на работната средина, како и други што има негативно влијание врз функционирањето на семејствата, а со тоа и врз социо-економскиот развој на општеството во целост.

Консумацијата на алкохол денес не е само појава кај возрасните лица, туку и кај младите луѓе чиј број од ден на ден станува се поголем. Истотака, се поголем е бројот на консументи на алкохол и меѓу жените.

Околу 85% од возрасните лица употребуваат алкохол, што е една од главните причини за повеќе болести или прерана смрт[1].

Злоупотребата на алкохол е одговорна за околу 9% од вкупниот морбидитет во европскиот регион, зголемувајќи го ризикот за појава на хепатална цироза, одредени видови на карцином, хипертензија, инсулт и конгенитални малформации, како и појавата на семејни, работни и социјални проблеми, несреќи, напади, криминогено и кривично однесување, несакани повреди, сообраќајни несреќи, насилство, убиство и самоубиство и др.

1 Alcohol in Europe A public health perspective, P Anderson and  B Baumberg, Institute of Alcohol Studies, UK 2006

Штетите поврзани со злоупотребата на алкохолот се особено високи и се должат на порастот на кардиоваскуларните смртни случаи и намалениот животен век.

Околу 226 милиони возрасни лица пијат- до 20гр. (жени) или до 40 гр. (мажи) алкохол на ден, додека 58 милиони возрасни (15%) консумираат поголеми количини, од нив 20 милиони (6%) уживаат над 40 гр. (жени) или 60 гр. (мажи) чист алкохол на ден.

Се проценува дека годишно од зависност од алкохол заболуваат 23 милиони луѓе во Европа (5% мажи и 1% жени).

Се проценува дека алкохолот е причина за 16% од случаите на злоупотреба и запоставување на децата .

Алкохолизмот како хронична болест секоја година брои 2.5 милиони смртни случаи.

## СОСТОЈБА СО АЛКОХОЛИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Злоупотребата на алкохол често води кон појава на болест - алкохолизам кој пак од своја страна води кон нарушување на однесувањето не само кај оној кој пие но и на целото негово семејство. Децата кои живеат во семејства на алкохоличари се изложени на разни форми на семејно насилство, сиромаштија, стрес, несреќно детство. Така, овој проблем покрај медицински има и социјален аспект, односно станува социјално-економски, а не само медицински проблем.

Се смета дека во Р.С.Македонија употребата на алкохол изнесува од 5-7,4 литри по жител.[2]

Проектот "Употреба на психоактивни супстанци помеѓу општата популација во Република Македонија" беше имплементиран во 2017 година во меѓусебна соработка помеѓу Институт за јавно здравје, Скопје (Социјална медицина), Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицински факултет, УКИМ, Скопје и 10-те регинални Центри за јавно здравје (ЦЈЗ). Проектот беше поддржан од ЕМЦДДА (Европскиот мониторинг центар за дроги и зависност од дроги) со седиште во Лисабон, Португалија.

Главна цел на научно истражувачкиот проект беше да се добијат податоци за употребата на психоактивни супстанци помеѓу општата популација (на возраст од 15-64 години кои живеат во приватни домаќинства), со посебен фокус на подгрупата млади урбани луѓе (15-34).

Податоци од научно истражувачкиот проект:

- Искуство со алкохол во животот имале 65% лица на возраст од 15-64 години, како и 76% од лицата на возраст од 15-34 години. Највисок процент на лица кои користеле алкохол во текот на животот е кај возрасната група од 25-34 години (76,9%). 70,4% од мажите и 56,6% жени на возраст од 15-64 години користеле алкохол во текот на животот.

[2] http://grid.mk/read/news/507649886/7348449/

**Дијаграм 1.** Животна преваленца на употреба на алкохол, според возрасни групи




**Дијаграм 2.** Животна преваленца на употреба на алкохол, според пол кај возрасната група 15-64 години




Во текот на последната година, 59,2% од лицата на возраст од 15-64 години и 67,8% од лицата на возраст од 15-34 години користеле алкохол. Лицата на возраст од 15-24 години се најзастапени (68,5%) корисници на алкохол во последната година, после што следи возрасната група од 25-34 години (67,3%). .

**Дијаграм 3.** Употреба на алкохол во последната година, според возрасни групи




Машките корисници на алкохол во последната година се застапени со 64,8%, додека кај жените опвој процент изнесува 50,5%..

**Дијаграм 4.** Употреба на алкохол во последната година, според пол, кај возрасната група 15-64 години




Според Според етничка припадност алкохолот е најраспростанет кај македонците (73,6%), додека кај припадниците на муслиманската заедница овој процент изнесува околу 30%.

Алкохол најчесто се користи еднаш месечно (42,9%) кај возрасната група 15-64 години, додека 8,9% користат алкохол 4 или повеќе пати неделно и тоа најмногу кај возрасната група 55-64 години (16,9%).

Најчесто употребуван алкохол кај лицата на возраст од 15-64 години е пивото (35,4%), виното (30,9%), додека жестоките пијалаци се застапени со 16,6%.

Кај возрасната група 15-34 години, 9,7% пијат 6 или повеќе чаши алкохол 2-3 пати месечно, 4,4% 1-2 дена неделно, 3,2% 3-4 дена неделнододека 1,1% секојдневно пијат повеќе од 6 чаши алкохол.

Во текот на последните 12 месеци, кај возрасната група 15-64 години 53,1% пијат 1-3 пијалаци во една прилика, 25,3% пијат 4-6 пијалаци во една прилика, додека 9% пијат 7-10 пијалаци во една прилика.

Консумацијата на алкохол ја зголемува веројатноста за појава на сообраќајна несреќа како и за сериозноста за претрпената повреда.

Младите машки возачи-тинејџери имаат барем пет пати повеќе можност да бидат инволвирани во сообраќајна несреќа во споредба со возачите на возраст над 30 години, при присуство на алкохол во крвта над нула.

Согласно податоците од Статистичкиот годишник на Република С.Македонија,2019, за потрошувачката на домаќинствата на алкохолни пијалаци во 2018 година, просечно годишно во литри за вино изнесува 5,6 литри, за пиво 36 литри и жестоки пијалаци 2,1 литри. Годишните просечни парични издатоци по домаќинство изразени во денари за 2018 година изнесуваат 3697,00денари. Најголем паричен издаток е регистриран кај мешовитите домаќинства (6711,00ден.), потоа следат земјоделските домаќинства со 3497,00ден. и неземјоделските домаќинства со 3298,00ден. Се бележи тренд на пораст на индексите на цените на алкохолните пијалаци и тоа од 90.0 во 2011г.; 91,9-2012, 96,5-2013г.; 98,2-2014г;99.2-2015; 99.9 -2016; 101,2- 2017 и 100,5 во 2018 година.

Во ИЈЗ- Институт за јавно здравје податоците за лекувани од алкохолизам се добиени од неуропсихијатриските одделенија при општите болници и центрите за третман и лекување на зависниците од алкохол во Република С.Македонија. Стапката на морбидитет на 10000 жители покажува намалување од 4.5 во 2017г. на 4.2 во 2019г.

**Дијаграм 5.** Стапка на морбидитет на лекувани од алкохолизам во РСМ, 2017 и 2019




Извор: ИЈЗ на РСМ

Во Република Северна Македонија бројот на лекувани болни од алкохолизам се намалува(за 7,2% во 2019 во однос на 2017) од 943 во 2017 на 875 регистрирани случаи во 2019г.

**Дијаграм 6.** Тренд на лекувани од алкохолизам по пол во РСМ, период 2012-2019




| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно | 788 | 857 | 897 | 833 | 892 | 943 | 875 |
| ма жи | 717 | 751 | 781 | 739 | 786 | 812 | 773 |
| же ни | 71 | 106 | 116 | 94 | 106 | 131 | 102 |

Извор: ИЈЗ на РСМ

- Гледано по пол, мажите (од 2012-2019) се повеќе застапени во однос на жените во целиот анализиран период (86,1% се мажи, 13,9% се жени во 2017 година и 88,3% се мажи, 11,7% се жени во 2019 година).

**Дијаграм 7.** Структура на лекувани од алкохолизам по пол во РСМ, 2017




Извор: ИЈЗ на РСМ

**Дијаграм 8.** Структура на лекувани од алкохолизам по пол во РСМ, 2019




Извор: ИЈЗ на РСМ

# МОРТАЛИТЕТ ОД АЛКОХОЛИЗАМ

Бројот на умрени од алкохолна психоза е највисок во 2019г. во целиот анализиран период и изнесува 21 починат.

Бројот на умрени од алкохолна цироза исто така се зголемува од 20 во 2018г. на 23 во 2019, а во споредба со 2017 пак опаѓа од 28 починати.

**Табела 1. Умрени лица од болести поврзани со алкохолизмот во Република Северна Македонија, 2009-2019**

| | МКБ-10 | Случаи во 2019 | Случаи во 2018 | Случаи во 2017 | Случаи во 2016 | Случаи во 2015 | Случаи во 2014 | Случаи во 2013 | Случаи во 2012 | Случаи во 2011 | Случаи во 2010 | Случаи во 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Алкохолна Психоза | F10 | 21 | 6 | 7 | 3 | 7 | 13 | 12 | 8 | 9 | 14 | 8 |
| Алкохолна цироза | K70 | 23 | 20 | 28 | 26 | 23 | 31 | 30 | 25 | 19 | 21 | 24 |
| Вкупно | | 44 | 26 | 35 | 29 | 30 | 44 | 42 | 33 | 28 | 35 | 32 |

Извор: Државен завод за статистика
Обработка: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија - Скопје
Оддел за здравствена статистика и публицистика

**Дијаграм 9.** Тренд на умрени од алкохолна психоза (F10) и алкохолна цироза(К70) во РСМ, 2009 - 2019




| | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| F10-АЛКОХОЛНА ПСИХОЗА | 8 | 14 | 9 | 8 | 12 | 13 | 7 | 3 | 7 | 6 | 21 |
| K70-АЛКОХОЛНА ЦИРОЗА | 24 | 21 | 19 | 25 | 30 | 31 | 23 | 26 | 28 | 20 | 23 |
| Вкупно | 32 | 35 | 28 | 33 | 42 | 44 | 30 | 29 | 35 | 26 | 44 |

Извор: Државен завод за статистика

Према светските испитувања, ако во РСМ се постигне намалување на консумацијата на алкохол за 10% по глава на жител, тогаш ќе се намали и морталитетот кај мажите поврзан со злоупотребата на алкохол за околу 20%.

# ЗАКЛУЧОЦИ СО ПРЕПОРАКИ

- Злоупотребата на алкохолот игра значајна улога во настанување на општествено негативни појави како што се кривични дела, нарушувања на јавниот ред и мир, повреди на работното место, сообраќајни незгоди и сл. Освен тоа, заболувањата и смртноста предизвикани од штетната консумација на алкохол даваат значајни медицински проблеми.
- На професионален план алкохоличарите ги запоставуваат обврските, доаѓа до намалување на продуктивноста, отсуство од работа, лоши меѓучовечки односи, конфликти на работното место...
- Најновите истражувања спроведени од американските научници од универзитетот Северна Каролина, укажуваат на штетните последици од прекумерна консумација на алкохол на клетките на мозокот. Досега се сметало дека неуродегенерацијата не се јавува за време на самото пијанство, туку за време на повлекувањето на алкохолот од телото. Но, студијата покажала дека е потребно само два дена опијанување за да се оштети делот на мозокот одговорен за мирис. Оштетувањата на другите делови на мозокот се појавуваат после 4 дена. Ова треба да ги загрижи и луѓето кои сакаат да се напијат, а не спаѓааат во хронични алкохоличари. Посебно на голем ризик се изложуваат адолесцентите. Направената студија понатаму укажува дека претераната консумација на алкохол, посебно кај тинејџерите предизвикува потешкотии во развивањето и функционирањето на мозокот.
- Експериментите на научниците од Универзитетот во Мемфис спроведени на животни, покажуваат дека високите дози на алкохол најголема штета предизвикуваат кај организмите кои се во развој. По нивно мислење, дури и повремена изложеност на високи дози на алкохол може да доведе до промена во биолошките функции со долготрајни импликации.
- Испитано е дејството на алкохолот на сложените функции како што се апстрактното размислување, планирање и способноста за контролирање на однесувањето кое е последица на збиднувањата од околината. Утврдено е да алкохолот на овие функции влијае и кога неговата концентрација во крвта е на толку ниско ниво да луѓето не ја ни чувствуваат.
- Неопходно е информирање на луѓето за последиците од консумирањето на алкохолот врз здравјето, семејството и заедницата, унапредување на здравјето на младите луѓе со контрола на достапноста на алкохолот, создавање едукативни програми уште од самото детство кои ке градат личности кои ќе знаат да ги одберат здравите стилови на живот, а ќе кажат не на пороците ( цигари, алкохол, дрога и др.). Значајна мерка би била да се гарантира дека нема да има ниедна реклама која ги поврзува спортот и алкохолот. Рекламирањето има значително влијание врз употребата на алкохолните пијалоци.
- Ограничувањата водат до помало консумирање на алкохол и помала штета поврзана со него.
- Потребно е да се засилат активностите во однос на превенција на употребата на алкохол, (организирање на кампањи, превентивни активности со младите, ограничување на

- рекламирањенаалкохолнипијалоциидр.). Затоа е потребно изготвување на специфично дизајниран акциски план. Посебно внимание треба да се посвети на зајакнувањето на спроведување на законските одредби, особено во однос на ограничувањето на рекламирање на алкохолни и енергетски пијалоци, како и усогласување на постоечката законска регулатива во Република Северна Македонија

Здравствената политика што ја спроведува Владата на Република Северна Македонија во специфичниот сегмент на заштитата од алкохолизам и превенција на проблеми предизвикани од злоупотреба на алкохол се развива во согласност со меѓународните трендови. Таа опфаќа медицински, правни, но и пошироки општествени аспекти, пред се социјални и економски.

## Стратешки приоритети

Стратегијата за превенција и контрола на штетните последици од употреба и злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението во РМ (2015-2025) ги предвидува следните приоритетни области:

- Заштита на младите, жените, децата и фетусот
- Намалување на повредите и смртните случаи од сообраќајни несреќи поврзани со злоупотреба на алкохол
- Превенирање на штетата од злоупотреба на алкохол кај возрасното население и намалување на негативното влијание на работното место
- Информирање, образование и зголемување на свесноста за штетното влијание на злоупотребата на алкохол и на штетните начини на консумација
- Развивање, поддршка и одржување на единствена евиденција релевантна за следење на состојбата во областа на заштита од злоупотреба на алкохолот.

## Илегални дроги

Дрога е секоја супстанца од растително или синтетско потекло која, кога ќе се внесе во организмот, може да промени една или повеќе негови функции, а ако нејзината примена се повтори, може да доведе до создавање на психичка и / или физичка зависност.

Поделбата на дроги е можна на разни начини, но едукативно најадекватна се чини дека е поделбата на дрогите според психофармаколошкото дејство врз централниот нервен систем (ЦНС), според која дрогите се делат на:

1. ДЕПРЕСОРИ НА ЦНС (психодепресори):

   а) АЛКОХОЛ

   б) ОПИУМ и негови деривати (наркотични дроги)

   в) СЕДАТИВИ И ХИПНОТИЦИ

   Барбитурати

Транкилизери (невролептици, анксиолитици)

2. СТИМУЛАТОРИ НА ЦНС (психостимуланси):

а) AMFETAMINI (benzedrin, deksedrin, metedrin), вклучувајќи ја и групатана EKSTAZI droги (MDMA,MDA,MDE и др.)
б) KOKAIN И KREK
в) KHAT (од растение Catha edulis)
г) KOKAIN
д) EFEDRIN
ѓ) NIKOTIN

3. ХАЛУЦИНОГЕНИ ДРОГИ (психаделици):

а) LSD
б) MESKALIN (кактус Peyote)
в) PSILOCIBIN (печурки Psilocyba species, најпозната P. mexicana)
г) FENILCIKLIDIN (PCP) - ангелски прав
д) TATULA (Datura stramonium)

4. KANABINOIDI (активни супстанци добиени од Cannabis sativa)

а) МАРИХУАНА (се добива од листови на женското растение)
б) ХАШИШ (се добива од цветовите и смолата)

5. ИСПАРЛИВИ СУПСТАНЦИ

а) ЛЕПИЛА
б) АЕРОСОЛИ
в) РАЗРЕДУВАЧИ, РАСТВОРУВАЧИ
г) БЕНЗИН
д) БУТАН
ѓ) БОИ
е) ЛАКОВИ

6. АНАБОЛНИ СТЕРОИДИ

а) DIANABOL
б) NANDROLON
в) PROVIRON
г) TESTOSTERON и др.

## СОСТОЈБА СО ДРОГАТА ВО СВЕТОТ И КАЈ НАС

Употребата на дроги во текот на последната деценија од 20 век бележи постојан пораст. Голем број корисници на дроги (КД) особено во регионот на Југо-источна Европа користи дрога преку инјектирање. 1/4 милијарда луѓе на возраст од 15-64 години користеле илегална дрога во 2013 година или 5,2% од населението. 27 милиони луѓе на возраст од 15-64 години или 0,6% страдаат поради проблематична употреба на дроги. Во 2012, вкупно 1,5 милиони лица во Европа користеле опијати (што е 5 пати повеќе од светскиот просек).

Од нив 700.000 добиле супституциски третман. Според Светскиот извештај за дроги, 23% од ЛИД во источна и југо-источна Европа живеат со ХИВ. Според последните податоци на Светската здравствена организација околу 16 милиони лица инјектираат дроги. Од нив 3 милиони или 18% живеат со ХИВ. Но само 4% од нив се во можност да добијат АРВ терапија. Во 2013 година, 187100 смртни случаи во светот биле поврзани со користење дроги, со стапка на морталитет од 40,8 на 1 милион лица на возраст од 15-64 години. Најчесто смртта е предизвикана од предозираност од опијати.

## Истражувања

Проектот "Употреба на психоактивни супстанци помеѓу општата популација во Република Македонија" беше имплементиран во 2017 година во меѓусебна соработка помеѓу Институт за јавно здравје, Скопје (Социјална медицина), Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицински факултет, УКИМ, Скопје и 10-те регинални Центри за јавно здравје (ЦЈЗ). Проектот беше поддржан од ЕМЦДДА (Европскиот мониторинг центар за дроги и зависност од дроги) со седиште во Лисабон, Португалија.

Главна цел на научно истражувачкиот проект беше да се добијат податоци за употребата на психоактивни супстанци помеѓу општата популација (на возраст од 15-64 години кои живеат во приватни домаќинства), со посебен фокус на подгрупата млади урбани луѓе (15-34).

Податоци од научно истражувачкиот проект:

**Илегални дроги**

Искуство со илегални дроги во текот на животот имале 8,9% лица на возраст од 15-64 години. Канабисот бил користен од 8,2% лица на возраст од 15-64 години, екстази од 1,6%, амфетамин и хероин 1,1%. Кокаинот е повеќе присутен кај возрасната група од 15-34 години (2,5%) во споредба со возрасната група 15-64 години (1,3%)

**Дијаграм 1.** Животна преваленца на употреба на дроги кај возрасната група 15-64



Дрогите се почесто застапени кај помладата популација, со највисока застапеност кај возрасната група 15-24 години.

**Дијаграм 2.** Животна преваленца на употреба на droги според возрасни групи




Генерално, постојат разлики во однос на употребата на илегални дроги меѓу половите (животна преваленца). 10,3% мажи и 6,7% жени користеле некаква дрога во текот на животот. Канабис користеле 9,9% мажи и 5,6% жени, екстази 1,7% мажи и 1,4% жени, кокаин 1,7% мажи и 0,7% жени, хероин 1,6% мажи и 0,4% жени.

**Дијаграм 3.** Животна преваленца на употреба на дроги според пол




Во последната година дроги користеле 6,9% лица на возраст од 15-64 години. 6,6% Користеле марихуана, додека останатите видови дроги се застапени со вредности под

1%. Дрогите најмногу биле користени од возрасната група 15-24 години, после што следи возрасната група 25-34 години.

**Дијаграм 4.** Употреба на droги кај возрасната група 15-64 години, во последната година




Кај возрасната група 15-34 години пак, добиените вредности се речиси двојно поголеми во споредба со возрасната група 15-64 гоидни. 12,6% лица на возраст 15-34 години користеле некаква дрога во последната година. 12,5% користеле марихуана, 1,8% кокаин, 1,6% екстази, 1,5% хероин, 1,3% амфетамин.

Според пол во текот на последната година, повторно дрогите се почесто застапени кај машките.

**Дијаграм 5.** Употреба на дроги во псоледната година, според пол, кај возрасната група 15-64 години



Во текот на последниот месец, илегални дроги вкупно користеле 4,3% лица на возраст 15-64 години (6% мажи и 5,2% жени). Марихуана во последниот месец користеле 4,1% лица на возраст од 15-64 години, додека останатите видови дроги се застапени најчесто со 0,4%.

Кај возрасната група 15-34 години, во последниот месец 8% користеле марихуана, додека другите видови дроги најчесто се застапени со 0,8%.

Марихуаната за прв пат најчесто се зема на возраст од 16-17 години (2,8%), на возраст од 18-19 години (2,9%%) и на возраст 14-15 години (1,4%).

Во однос на половата дистрибуција, дрогите се повеќе присутни кај машката популација во споредба со женската. Во последната година, марихуана користеле 8,3% мажи на возраст од 15-64 години, додека кај жените овој процент изнесува 4%. Екстази, кокаин и хероин користеле 1,2% мажи и 0,4% жени.

Во ИЈЗ- Институт за јавно здравје податоците се добиени од неуропсихијатриските одделенија при општите болници и центрите за третман и лекување на зависниците од дрога во Република Северна Македонија. Бројот на лекувани болни, зависници од дрога се зголемил од 1897 во 2017 на 2187 во 2019 година (за 15,3%).

**Дијаграм 6.** Тренд на лекувани болни, зависници од дрога по пол во РСМ, период 2013-2019




| | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| вкупно | 1014 | 1030 | 1155 | 1644 | 1897 | 2187 |
| мажи | 915 | 778 | 901 | 1489 | 1682 | 1963 |
| жени | 99 | 252 | 254 | 155 | 215 | 224 |

Извор: ИЈЗ на РМ

Стапката на морбидитет на 10000 жители се зголемила од 9,1%о во 2017 на 10.5%о во 2019 година.

**Дијаграм 7.** Стапка на морбидитет на лекувани болни, зависници од дрога во Р.С.М., 2017 и 2019




Извор: ИЈЗ на РМ

Структурата според пол покажува значајна разлика во зачестеност на појавата на зависници од дрога кај лекуваните од машкиот во однос на женскиот пол, во двете анализирани години (88,7% се мажи, а 11,3% се жени во 2017г. и 89,8% се мажи, а 10,2% се жени во 2019 година).

**Дијаграм 8.** Структура на лекувани болни, зависници од дрога, по пол во РСМ 2017 г.




**Дијаграм 9.** Структура на лекувани болни, зависници од дрога, по пол во РСМ 2019 г.




Извор: ИЈЗ на РМ

***Анализата според возрасни групи*** покажува дека најголем број лекувани болни, зависници од дрога и во болниците и во центрите, се регистрирани во возрасната група од 20-34г.

***Според тип на најупотребувана дрога*** е хероинот, и тоа со над 99% застапеност од вкупно третираните во однос на канабисот, во двете анализирани години.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Дрогите се почесто застапени кај помладата популација, со највисока застапеност кај возрасната група 15-24 години.

Марихуаната за прв пат најчесто се зема на возраст од 16-17 години (2,8%), на возраст од 18-19 години (2,9%%) и на возраст 14-15 години (1,4%).

Канабисот бил користен од 8,2% лица на возраст од 15-64 години, екстази од 1,6%, амфетамин и хероин 1,1%. Кокаинот е повеќе присутен кај возрасната група од 15-34 години (2,5%) во споредба со возрасната група 15-64 години (1,3%).

Генерално, постојат разлики во однос на употребата на илегални дроги меѓу половите (животна преваленца). 10,3% мажи и 6,7% жени користеле некаква дрога во текот на животот. Канабис користеле 9,9% мажи и 5,6% жени, екстази 1,7% мажи и 1,4% жени, кокаин 1,7% мажи и 0,7% жени, хероин 1,6% мажи и 0,4% жени.

Во однос на половата дистрибуција, дрогите се повеќе присутни кај машката популација во споредба со женската.

Треба да се зајакне контролата на употреба на седативи/транквилизери (со вклучување на лекарите, наставниците, психолозите и родителите) и да се работи на превенција особено кај женската популација млади.

Пристапот на лекување и превенција е пософистициран во последните години, со поширокo прифаќање на лекувањето, со замени за дрогата за лица кои се зависници од дрога. Доказите покажуваат дека општествата кои можат да си дозволат пошироки мрежи на служби за корисниците на дроги, можат да го намалат ризичното однесување кое директно го оштетува здравјето, како и ограничување на антисоцијалната и криминалната активност меѓу корисниците на дрога.

# РЕФЕРЕНЦИ


- Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. Статистички годишник на Р.С.Македонија. Државен завод за статистика на РСМ, Скопје 2019
- Државен завод за статистика на Република С.Македонија. Македонија во бројки, 2019
- Институт за јавно здравје на РСМ. Извештај за реализација на програмските задачи согласно Националната годишна програма за јавно здравје на РМ за 2020 година. Скопје: ИЈЗРСМ; 2019.
- Alcohol in Europe A public health perspective, P Anderson and B Baumberg, Institute of Alcohol Studies, UK 2006
- English et al. 1995, Single et al,1999, Ridolfo and Stevenson 2001, Alcohol in Europe – a public health perspective
- Research project for risk behaviour, PHARE_DDR, 1999.
- Министерство за здравство. Извештај од биобихевиоралното истражување кај лица кои инјектираат droги во Македонија, 2014:13

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

**Регистрирани лекувани болни, зависници од алкохол, во болничките установи, по пол и возраст во РМ, 2017**

| | | Вкупно | под15г. | 15-19г. | 20-34г. | 35-44г. | 45-54г. | 55-64г. | над 65г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Вкупно | 943 | 1 | 4 | 71 | 261 | 193 | 227 | 186 |
| | Мажи | 812 | 1 | 3 | 61 | 225 | 165 | 188 | 169 |
| | Жени | 131 | | 1 | 10 | 36 | 28 | 39 | 17 |
| Битола | Вкупно | 53 | | | 4 | 18 | 20 | 10 | 1 |
| | Мажи | 24 | | | 4 | 8 | 9 | 3 | |
| | Жени | 29 | | | | 10 | 11 | 7 | 1 |
| Демир Хисар | Вкупно | 81 | | 1 | 7 | 17 | 32 | 22 | 2 |
| | Мажи | 52 | | | 6 | 8 | 23 | 14 | 1 |
| | Жени | 29 | | 1 | 1 | 9 | 9 | 8 | 1 |
| Кочани | Вкупно | 210 | | 3 | 10 | 17 | 32 | 25 | 123 |
| | Мажи | 196 | | 3 | 9 | 15 | 29 | 24 | 116 |
| | Жени | 14 | | | 1 | 2 | 3 | 1 | 7 |
| Велес | Вкупно | 130 | | | 12 | 118 | | | |
| | Мажи | 117 | | | 11 | 106 | | | |
| | Жени | 13 | | | 1 | 12 | | | |
| Скопје | Вкупно | 287 | 1 | | 23 | 55 | 67 | 106 | 35 |
| | Мажи | 260 | 1 | | 20 | 53 | 64 | 91 | 31 |
| | Жени | 27 | | | 3 | 2 | 3 | 15 | 4 |
| Куманово | Вкупно | 48 | | | 7 | 8 | 9 | 15 | 9 |
| | Мажи | 41 | | | 4 | 8 | 9 | 13 | 7 |
| | Жени | 7 | | | 3 | | | 2 | 2 |
| Охрид | Вкупно | 8 | | | 2 | | 1 | 4 | 1 |
| | Мажи | 8 | | | 2 | | 1 | 4 | 1 |
| | Жени | | | | | | | | |
| Прилеп | Вкупно | 49 | | | 1 | 13 | 17 | 11 | 7 |
| | Мажи | 48 | | | 1 | 13 | 16 | 11 | 7 |
| | Жени | 1 | | | | | 1 | | |
| Струмица | Вкупно | 19 | | | 2 | 7 | 4 | 4 | 2 |
| | Мажи | 18 | | | 2 | 7 | 4 | 4 | 1 |
| | Жени | 1 | | | | | | | 1 |
| Тетово | Вкупно | 1 | | | | | 1 | | |
| | Мажи | 1 | | | | | 1 | | |
| | Жени | | | | | | | | |
| Гостивар | Вкупно | 2 | | | | | 1 | 1 | |
| | Мажи | 2 | | | | | 1 | 1 | |
| | Жени | | | | | | | | |
| Штип | Вкупно | 55 | | | 3 | 8 | 9 | 29 | 6 |
| | Мажи | 45 | | | 2 | 7 | 8 | 23 | 5 |
| | Жени | 10 | | | 1 | 1 | 1 | 6 | 1 |

Извор: Центри за јавно здравје на Р.С.Македонија
ОБРАБОТКА: ИЈЗ на РСМ - Оддел за здравствена промоција и следење наа болести

**Регистрирани лекувани болни, зависници од алкохол, во болничките установи, по пол и возраст во РМ, 2019**

| | | Вкупно | под15г. | 15-19г. | 20-34г. | 35-44г. | 45-54г. | 55-64г. | над 65г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | Вкупно | 875 | | 2 | 53 | 173 | 332 | 204 | 111 |
| | Мажи | 773 | | 2 | 44 | 144 | 303 | 181 | 99 |
| | Жени | 102 | | | 9 | 29 | 29 | 23 | 12 |
| Битола | Вкупно | 72 | | | 4 | 12 | 33 | 14 | 9 |
| | Мажи | 50 | | | 2 | 9 | 21 | 11 | 7 |
| | Жени | 22 | | | 2 | 3 | 12 | 3 | 2 |
| Демир Хисар | Вкупно | 67 | | | 4 | 20 | 24 | 11 | 8 |
| | Мажи | 60 | | | 4 | 15 | 24 | 10 | 7 |
| | Жени | 7 | | | | 5 | | 1 | 1 |
| Кочани | Вкупно | 18 | | | | | 5 | 12 | 1 |
| | Мажи | 14 | | | | | 5 | 9 | |
| | Жени | 4 | | | | | | 3 | 1 |
| Велес | Вкупно | 135 | | | 2 | | 133 | | |
| | Мажи | 125 | | | 2 | | 123 | | |
| | Жени | 10 | | | | | 10 | | |
| Скопје | Вкупно | 370 | | | 19 | 86 | 87 | 118 | 60 |
| | Мажи | 321 | | | 14 | 67 | 81 | 103 | 56 |
| | Жени | 49 | | | 5 | 19 | 6 | 15 | 4 |
| Куманово | Вкупно | 23 | | | 3 | 6 | 3 | 10 | 1 |
| | Мажи | 21 | | | 1 | 6 | 3 | 10 | 1 |
| | Жени | 2 | | | 2 | | | | |
| Охрид | Вкупно | 6 | | | | 1 | 1 | 2 | 2 |
| | Мажи | 6 | | | | 1 | 1 | 2 | 2 |
| | Жени | | | | | | | | |
| Прилеп | Вкупно | 79 | | | 5 | 24 | 18 | 14 | 18 |
| | Мажи | 72 | | | 5 | 22 | 17 | 13 | 15 |
| | Жени | 7 | | | | 2 | 1 | 1 | 3 |
| Струмица | Вкупно | 30 | | | 3 | 7 | 9 | 8 | 3 |
| | Мажи | 30 | | | 3 | 7 | 9 | 8 | 3 |
| | Жени | | | | | | | | |
| Тетово | Вкупно | 5 | | | 2 | 1 | | 2 | |
| | Мажи | 5 | | | 2 | 1 | | 2 | |
| | Жени | | | | | | | | |
| Гостивар | Вкупно | 24 | | 2 | 11 | 6 | 3 | | 2 |
| | Мажи | 23 | | 2 | 11 | 6 | 3 | | 1 |
| | Жени | 1 | | | | | | | 1 |
| Штип | Вкупно | 46 | | | | 10 | 16 | 13 | 7 |
| | Мажи | 46 | | | | 10 | 16 | 13 | 7 |
| | Жени | | | | | | | | |

Извор: Центри за јавно здравје на Р.С.Македонија
ОБРАБОТКА: ИЈЗ на РСМ - Оддел за здравствена промоција и следење наа болести

**Регистрирани зависници од дрога во центрите за третман на зависници од дрога, по пол и возраст во РМ, 2017**

| | | Вк. | под15г. | 15-19г. | 20-34г. | 35-44г. | 45-54г. | 55-64г. | над 65г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | вкупно | 1164 | | | 393 | 561 | 175 | 33 | 2 |
| | мажи | 1048 | | | 335 | 515 | 164 | 33 | 1 |
| | жени | 116 | | | 58 | 46 | 11 | | 1 |
| Битола | вкупно | 97 | | | 80 | 13 | 4 | | |
| | мажи | 82 | | | 65 | 13 | 4 | | |
| | жени | 15 | | | 15 | | | | |
| Демир Хисар | вкупно | 24 | | | 15 | 6 | 2 | 1 | |
| | мажи | 24 | | | 15 | 6 | 2 | 1 | |
| | жени | | | | | | | | |
| Велес | вкупно | 83 | | | 38 | 45 | | | |
| | мажи | 76 | | | 33 | 43 | | | |
| | жени | 7 | | | 5 | 2 | | | |
| Скопје | вкупно | 376 | | | 42 | 245 | 70 | 17 | 2 |
| | мажи | 336 | | | 34 | 219 | 65 | 17 | 1 |
| | жени | 40 | | | 8 | 26 | 5 | 0 | 1 |
| Куманово | вкупно | 134 | | | 67 | 25 | 40 | 2 | |
| | мажи | 119 | | | 58 | 23 | 36 | 2 | |
| | жени | 15 | | | 9 | 2 | 4 | | |
| Охрид | вкупно | 164 | | | 54 | 87 | 21 | 2 | |
| | мажи | 148 | | | 47 | 78 | 21 | 2 | |
| | жени | 16 | | | 7 | 9 | | | |
| Прилеп | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Струмица | вкупно | 85 | | | 32 | 39 | 9 | 5 | |
| | мажи | 80 | | | 30 | 37 | 8 | 5 | |
| | жени | 5 | | | 2 | 2 | 1 | | |
| Тетово | вкупно | 132 | | | 35 | 64 | 27 | 6 | |
| | мажи | 116 | | | 25 | 59 | 26 | 6 | |
| | жени | 16 | | | 10 | 5 | 1 | | |
| Гостивар | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Штип | вкупно | 69 | | | 30 | 37 | 2 | | |
| | мажи | 67 | | | 28 | 37 | 2 | | |
| | жени | 2 | | | 2 | | | | |

Извор: Центри за јавно здравје на Р.С.Македонија
ОБРАБОТКА: ИЈЗ на РСМ - Оддел за здравствена промоција и следење наа болести

**Регистрирани зависници од дрога во центрите за третман на зависници од дрога, по пол и возраст во РМ, 2019**

| | | Вк. | под15г. | 15-19г. | 20-34г. | 35-44г. | 45-54г. | 55-64г. | над 65г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | вкупно | 1437 | | 4 | 320 | 649 | 413 | 46 | 5 |
| | мажи | 1303 | | 3 | 281 | 591 | 381 | 42 | 5 |
| | жени | 134 | | 1 | 39 | 58 | 32 | 4 | |
| Битола | вкупно | 108 | | 1 | 65 | 38 | 3 | 1 | |
| | мажи | 98 | | | 57 | 37 | 3 | 1 | |
| | жени | 10 | | 1 | 8 | 1 | | | |
| Демир Хисар | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Велес | вкупно | 189 | | | 74 | | 115 | | |
| | мажи | 175 | | | 68 | | 107 | | |
| | жени | 14 | | | 6 | | 8 | | |
| Скопје | вкупно | 454 | | | 42 | 252 | 131 | 24 | 5 |
| | мажи | 403 | | | 33 | 228 | 117 | 20 | 5 |
| | жени | 51 | | | 9 | 24 | 14 | 4 | |
| Куманово | вкупно | 145 | | | 17 | 92 | 35 | 1 | |
| | мажи | 130 | | | 15 | 82 | 32 | 1 | |
| | жени | 15 | | | 2 | 10 | 3 | | |
| Охрид | вкупно | 193 | | | 49 | 94 | 45 | 5 | |
| | мажи | 176 | | | 43 | 89 | 39 | 5 | |
| | жени | 17 | | | 6 | 5 | 6 | | |
| Прилеп | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Струмица | вкупно | 107 | | | 37 | 53 | 12 | 5 | |
| | мажи | 99 | | | 35 | 47 | 12 | 5 | |
| | жени | 8 | | | 2 | 6 | | | |
| Тетово | вкупно | 113 | | | 16 | 52 | 39 | 6 | |
| | мажи | 98 | | | 12 | 42 | 38 | 6 | |
| | жени | 15 | | | 4 | 10 | 1 | | |
| Гостивар | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Штип | вкупно | 128 | | 3 | 20 | 68 | 33 | 4 | |
| | мажи | 124 | | 3 | 18 | 66 | 33 | 4 | |
| | жени | 4 | | | 2 | 2 | | | |

Извор: Центри за јавно здравје на Р.С.Македонија
ОБРАБОТКА: ИЈЗ на РСМ - Оддел за здравствена промоција и следење наа болести

**Регистрирани лекувани болни, зависници од дрога, во болничките установи, по пол и возраст во РМ, 2017**

| | | Вк. | под15г. | 15-19г. | 20-34г. | 35-44г. | 45-54г. | 55-64г. | над 65г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | вкупно | 733 | | 5 | 366 | 252 | 58 | 41 | 11 |
| | мажи | 634 | | 5 | 316 | 224 | 48 | 33 | 8 |
| | жени | 99 | | | 50 | 28 | 10 | 8 | 3 |
| Битола | вкупно | 97 | | | 80 | 13 | 4 | | |
| | мажи | 79 | | | 62 | 13 | 4 | | |
| | жени | 18 | | | 18 | | | | |
| Демир Хисар | вкупно | 49 | | | 35 | 12 | 2 | | |
| | мажи | 49 | | | 35 | 12 | 2 | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Велес | вкупно | 177 | | 4 | 115 | 58 | | | |
| | мажи | 163 | | 4 | 105 | 54 | | | |
| | жени | 14 | | | 10 | 4 | | | |
| Скопје | вкупно | 287 | | 1 | 99 | 144 | 33 | 7 | 3 |
| | мажи | 241 | | 1 | 82 | 125 | 26 | 6 | 1 |
| | жени | 46 | | 0 | 17 | 19 | 7 | 1 | 2 |
| Куманово | вкупно | 14 | | | 5 | 7 | 2 | | |
| | мажи | 12 | | | 5 | 5 | 2 | | |
| | жени | 2 | | | | 2 | | | |
| Кочани | вкупно | 13 | | | 1 | 1 | 5 | 4 | 2 |
| | мажи | 12 | | | 1 | 1 | 4 | 4 | 2 |
| | жени | 1 | | | | | 1 | | |
| Охрид | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Прилеп | вкупно | 18 | | | 13 | 4 | | 1 | |
| | мажи | 13 | | | 10 | 3 | | | |
| | жени | 5 | | | 3 | 1 | | 1 | |
| Струмица | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Тетово | вкупно | 1 | | | | 1 | | | |
| | мажи | 1 | | | | 1 | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Гостивар | вкупно | 21 | | | 14 | 4 | 3 | | |
| | мажи | 19 | | | 14 | 3 | 2 | | |
| | жени | 2 | | | | 1 | 1 | | |
| Штип | вкупно | 56 | | | 4 | 8 | 9 | 29 | 6 |
| | мажи | 45 | | | 2 | 7 | 8 | 23 | 5 |
| | жени | 11 | | | 2 | 1 | 1 | 6 | 1 |

Извор: Центри за јавно здравје на Р.С.Македонија
ОБРАБОТКА: ИЈЗ на РСМ - Оддел за здравствена промоција и следење наа болести

**Регистрирани лекувани болни, зависници од дрога, во болничките установи, по пол и возраст во РМ, 2019**

| | | Вк. | под15г. | 15-19г. | 20-34г. | 35-44г. | 45-54г. | 55-64г. | над 65г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | вкупно | 750 | | 6 | 225 | 341 | 149 | 24 | 5 |
| | мажи | 660 | | 4 | 193 | 305 | 135 | 19 | 4 |
| | жени | 90 | | 2 | 32 | 36 | 14 | 5 | 1 |
| Битола | вкупно | 122 | | 1 | 73 | 44 | 3 | 1 | |
| | мажи | 109 | | | 62 | 43 | 3 | 1 | |
| | жени | 13 | | 1 | 11 | 1 | | | |
| Демир Хисар | вкупно | 31 | | | 17 | 8 | 6 | | |
| | мажи | 29 | | | 17 | 7 | 5 | | |
| | жени | 2 | | | | 1 | 1 | | |
| Велес | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Скопје | вкупно | 20 | | | 13 | | 7 | | |
| | мажи | 20 | | | 13 | | 7 | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Куманово | вкупно | 496 | | 5 | 90 | 259 | 118 | 20 | 4 |
| | мажи | 432 | | 4 | 75 | 228 | 106 | 16 | 3 |
| | жени | 64 | | 1 | 15 | 31 | 12 | 4 | 1 |
| Кочани | вкупно | 3 | | | 1 | 2 | | | |
| | мажи | 3 | | | 1 | 2 | | | |
| | жени | 0 | | | | | | | |
| Охрид | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Прилеп | вкупно | 18 | | | 13 | 4 | | 1 | |
| | мажи | 13 | | | 10 | 3 | | | |
| | жени | 5 | | | 3 | 1 | | 1 | |
| Струмица | вкупно | | | | | | | | |
| | мажи | | | | | | | | |
| | жени | | | | | | | | |
| Тетово | вкупно | 28 | | | 14 | 13 | 1 | | |
| | мажи | 24 | | | 11 | 12 | 1 | | |
| | жени | 4 | | | 3 | 1 | | | |
| Гостивар | вкупно | 30 | | | 4 | 10 | 14 | 2 | |
| | мажи | 28 | | | 4 | 9 | 13 | 2 | |
| | жени | 2 | | | | 1 | 1 | | |
| Штип | вкупно | 2 | | | | 1 | | | 1 |
| | мажи | 2 | | | | 1 | | | 1 |
| | жени | | | | | | | | |

Извор: Центри за јавно здравје на Р.С.Македонија

ОБРАБОТКА: ИЈЗ на РСМ - Оддел за здравствена промоција и следење наа болести